# ОСНОВИ НА ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

**Раководител на предметната програма**

проф. д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска

| **Опис на предметната програма** |
|---|
| Предметната програма ги презентира основите на интелектуалната сопственост. Предметната програма опфаќа содржини кои се однесуваат на поимот и изворите на првото од интелектуална сопственост, како носителите, субјектите и содржината на различните права од интелектуална сопственост. Исто така, се опфаќаат и аспектите на прометот со правата од интелектуална сопственост, како и аспектите на спроведувањето на заштитата на правата на интелектуална сопственост. |
| **Цели и резултати што треба да се постигнат** |
| Со изучување на предметната програма кандидатите ќе се стекнат со знаења за основите на правото на интелектуална сопственост, видовите права и титуларите на правата. Истовремено ќе се обучат да ги препознаат и разликуваат правата на интелектуална сопственост во предметите што секојдневно ги опкружуваат. Кандидатите преку едукацијата ќе треба да се стекнат со знаења како да ги разликуваат творците од носителите на правата (физички и правни лица), но и да осознаат кои права им припаѓаат (морални, материјални и други).<br>Целата на предметот право на интелектуална сопственост е да ги оспособи студентите за следново:<br>• да го разберат комплексниот систем на правото на интелектуална сопственост, како и неговата правна нормираност;<br>• да ги разберат различните видови права на интелектуална сопственост и начинот на нивно настанување, остварување и заштита:<br>• да стекнат способност за ефикасна примена на регулативата од оваа област, како ново и перспективно правно подрачје;<br>• да стекнат знаења за основите на меѓународното регулирање на правата од интелектуална сопственост;<br>• да се запознаат со модалитетите на промет со правата од интелектуална сопственост;<br>• да се запознаат со модалитетите на правна заштита на правата од интелектуална сопственост. |
| **Содржина на предметната програма** |
| 1. Поим на правото на интелектуална сопственост<br>2. Систем на правото на интелектуална сопственост<br>3. Извори на правото на интелектуална сопственост<br>4. Носители на правата на интелектуална сопственост<br>5. Содржина на правата на интелектуална сопственост<br>a. авторско право<br>b. сродни права<br>c. патент<br>d. топографија на интегрално коло |

e. индустриски дизајн
f. трговска марка
g. ознака на потеклото и географска ознака
h. трговска тајна
i. знаење и искуство

6. Промет со правата од интелектуална сопственост
    a. авторски договори
    b. договор за пренос
    c. договор за лиценца
7. Заштита на правата од интелектуална сопственост
    a. општо за граѓанската заштита
    b. општо за казнената заштита
    c. општо за управната заштита

**Задолжителна литература**

Дабовиќ-Анастасовска, Ј. и Пепељугоски В., *Права од интелектуална сопственост*, Академик, Скопје, 2012;
Закон за авторското право и сродните права (Службен весник на РМ, бр. 115/10, 140/10 и 51/11);
Закон за индустриската сопственост (Службен весник на РМ, бр. 21/09 и 24/11);
Закон за заштита на топографијата на интегралните кола (Службен весник на РМ, бр. 05/98 и 33/06);
Закон за облигационите односи (Службен весник на РМ, бр. 18/01, 78/01, 04/02, 59/02, 05/03, 84/08, 81/09 и 161/2009).